08-81/4

15.05.23

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 56 седница одржана на 10.04.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Земјотресно инженерство", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Земјотресно инженерство", од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2023/2024 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на технички науки од областа на Земјотресно инженерство /во меѓународен промет академски назив: Doctor of technical sciences in the field of earthquake engineering.

4. Научно - истражувачко подрачје: 2 Техничко - технолошки науки; Научно – истражувачко поле: 207 Градежништво и водостопанство; Научно – истражувачка област: 20703 Земјотресно инженерство.

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: Проф. д-р Вероника Шендова, проф. д-р Зоран Ракиќевиќ, проф. д-р Виктор Христовски, проф. д-р Роберта Апостолска, проф. д-р Виолета Мирчевска, проф. д-р Влатко Шешов, проф. д-р Драги Дојчиновски, проф. д-р Игор Ѓорѓиев, вон. проф. д-р Кемал Един, вон. проф. д-р Александра Богдановиќ, вон. проф. д-р Радмила Шалиќ Макреска, вон. проф. д-р Јулијана Бојаџиева, вон. проф. д-р Марија Витанова.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-1157/96 од 27.12.2022 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Земјотресно инженерство", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.09-59/1 од 20.01.2023 година (наш бр. 08 - 81/1 од 20.01.2023 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 52-та седницата одржана на 14.02.2023 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 81/3 од 26.04.2023 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 56-та седница одржана на 10.04.2023 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова